РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
НАЦИОНАЛНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
BIBLIOTEKA NACIONALE DHE UNIVERSITARE "SHËN KLIMENTI I OHRIT"
Бр.-Nr. 02-447/15
07.08.2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 28 став (2) точка 6 и член 77-ж став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 12 од Статутот на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје бр.01-471/1 од 24.06.2015 година, бр. 02-75/2 од 30.01.2018 година, бр.02-624/3 од 12.09.2018 година, бр.02-144/6 од 28.03.2019 година и бр. 02-698/3 од 30.12.2021 година, Предлогот за избор на кандидат за вработување бр.02-447/10 од 07.08.2025 година на Комисијата за спроведување на постапка за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител , по Јавен оглас бр. 01/2025 за вработување на 1 (еден) извршител (реден број 6), објавен на ден 17.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" ,„Вечер" и „Koxa" и на веб страницата на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје, директорот на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје, ја донесе следнава:

## Одлука за избор на кандидат по Јавен оглас бр. 01/2025 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител-помошно технички кадар

**1.** По спроведена постапка за вработување, по Јавниот оглас бр. 01/2025 за вработување на 1 (еден) извршител-помошно технички кадар, објавен на ден 17.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Koxa" и на веб страницата на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје, за работното место под реден број 6 **Работник за обезбедување** со шифра „КУЛ 04 02 А01 001"се избира кандидатот:

**-Ивица Ристовски**

**2.** Оваа одлука да се достави до кандидатот од точката 1 од оваа одлука и до кандидатите кои се пријавиле на Јавниот оглас од точката 1 на оваа одлука и да се објави на веб страницата на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје.

**3.** Во рок од пет дена по конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за вработување и со кандидатот од точката 1 на оваа одлука ќе се склучи договор за вработување.

**4.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 17.07.2025 година Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје (во натамошниот текст: Установа), во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Koxa" и на својата веб страница објави Јавен оглас бр. 01/2025 за вработување на 1 (еден) извршител- давател на јавни услуги.

Директорот на Установата, согласно Законот за културата, формираше Комисија за спроведување на постапка за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител- давател на јавни услуги.

Постапката за вработување од страна на Комисијата беше спроведена во две фази и тоа: административна селекција и проверка на веродостојноста на доставените податоци и докази доставени на јавниот оглас и интервју. По спроведените фази од постапката, Комисијата состави Записник за извршена административна селекција бр. 02-447/4 од 04.08.2025 година и Записник за спроведена постапка на веродостојноста на доказите и спроведено интервју бр.04-447/5 од 07.08.2025 година. По спроведувањето на постапката, Комисијата до директорот на Установата достави Предлог кандидат за вработување бр.04-447/10 од 07.08.2025 година, во кој му предложи на директорот на Установата, за работно место под реден број 6 **Работник за обезбедување** со шифра „КУЛ 04 02 А01 001", да биде избран кандидатот **Ивица Ристовски.**

Врз основа на член 28 став (2) точка 6 од Законот за културата, директорот на установата донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно закон, а согласно член77-ж став (1) од Законот, директорот во рок од пет дена од денот на добивање на Предлогот за избор на кандидат, е должен да донесеодлука за избор.

Според став (2) од членот 77-ж од Законот, одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на веб страницата и на огласната табла на установата. Согласно став (3) на истиот член, против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на установата.

Имајќи го предвид напред горенаведеното, Директорот на Установата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука, може да се поднесе жалба во рок од осум дена до Управниот одбор на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје.

**Директор**
**Јовица Никчевски**

**Доставено до:**
-кандидатите;
-човечки ресурси;
-огласната табла;
-веб страницата;
-архивата.